**МАКСИМА ТУРС – СКОПЈЕ**
**Бул.Јане Сандански 82/1,ТЦ БИСЕР –локал 16**
**Тел: 070 254 791;075 359 006**
**maximatours@yahoo.com; www.maximatours.mk**

# СИЦИЛИЈА ВО МАЈ

Сицилија е најголем остров во Медитеранот кој географски и припаѓа на Италија, но, во културолошка смисла е земја сама за себе, со единствена традиција, кујна и неповторлив ритам на уживање. Сицилија – магичниот остров, чиј брег го заплискуваат водите на Јонското, Тиренското и Средоземното море, е богата со траги од древните цивилизации, остатоци од вулканските активности, разновидна природа, прекрасни плажи, насади со винови лози и сликовити гратчиња. Сицилија е медитерански свет во мало, со старогрчко, староримско, византијско и шпанско наследство, а, се смета за најголем музеј на отворено.

Традиционално, од 16 до 20 Мај, во гратчето Ното се одржува единствениот фестивал на цвеќето – Infiorata. Уметниците користејќи разнобојни латици од специјални видови цвеќиња, прават слики налик на мозаици.

- **14. Мај (Среда) СКОПЈЕ – ТИРАНА – КАТАНИЈА**

  Состанок на групата на договореното место во 04:30 часот и трансфер до Аеродромот во Тирана. Полетување за Катанија во 12:50 и слетување во 14:35 часот. Трансфер до хотелот во Катанија и сместување. Овој град под Етна, после бурната историја и земјотресот, обновен е во 17 век во барок стил и е најголемо пристаниште и стопански центар на Сицилија. Пешачки разглед на историскиот центар. Меѓу многуте раскошни палати и цркви, се истакнува катедралата која го носи името на Света Агата – заштитничка на градот. Прошетката продолжува покрај рибниот пазар, еден од најпознатите во цела Италија, дворецот Урсино изграден во 13 век, Универзитетот, улицата Via Crociferi… Ноќевање.

- **15. Мај (Четврток) КАТАНИЈА – ЕТНА**

  Појадок. Факултативен излет до симболот на Сицилија – вулканот Етна – највисокиот активен во Европа. Патот не води низ пределите, низ кои некогаш поминувала вжештената лава. По пристигнување на највисоката дозволена висина – 1800 метри, истражување на кратерот Силвестри и околината. Враќање во хотелот во попладневните часови. Слободно време за уживање и освежување со највкусниот сладолед и сицилијанскиот десерт – гранита… Ноќевање.

- **16. Мај (Петок) КАТАНИЈА – НОТО – СИРАКУЗА - ЏАРДИНИ НАКСОС**

  Појадок. Препорачуваме факултативен излет до Ното и Сиракуза. Прошетка до градот Ното, познат по најубавите згради во сицилијански барок стил кои датираат од 18 век. Секој мај овде се одржува единствениот фестивал на цвеќето – Infiorata. Уметниците користејќи разнобојни латици од специјални видови цвеќиња, прават слики налик на мозаици. Прошетка по централната улица покрај градската порта, црквата Свети Кјара и катедралата Свети Никола, палатите Дичезио и Николачи. Патувањето продолжува за Сиракуза, која била најзначаен и најубав град во покраината, која античките Грци ја нарекувале Magna Grecia, позната уште како градот на Архимед. Разглед на центарот на градот кој се наоѓа на островот Ортиџа –

остатоци од Аполоновиот храм – најстариот грчки храм на Сицилија, градското собрание, фонтаната на божицата Дијана, катедралата над некогашниот храм на Минерва… Пристигнување во хотелот во Џардини Наксос и сместување. Ноќевање.

- **17. Мај (Сабота) ЏАРДИНИ НАКСОС - ТАОРМИНА**

  Појадок. Посета на сликовитата Таормина, со јавен превоз, едно од најубавите гратчиња во Италија, изградено на брдото Monte Tauro од каде се пружа фантастичен поглед на околината и брегот. Ова место, познато уште како бисерот на Медитеранот, поради својата положба и шармот, ги привлекува туристите од целиот свет. Прошетка низ горниот дел од градот, во кој се влегува низ Porta Mesina, пешачката зона Corso Umberto, плоштадот Виктор Емануел, катедралата, грчко-римскиот театар од 3 век пне. Таормина е гратче за уживање, добро капучино или аперитиво, на некоја од панорамските тераси. Враќање во хотелот и слободно време за уживање покрај море. Ноќевање.

- **18. Мај (Недела) ЏАРДИНИ НАКСОС – ЧЕФАЛУ - ПАЛЕРМО**

  Појадок. Организиран трансфер до Палермо со попатна посета на Чефалу, гратче кое ги привлекува туристите со своето широко крајбрежје, песочни и карпести плажи, малите рибни ресторани и со арапско-норманската архитектура. Притигнување во хотелот во Палермо и сместување. Препорачуваме посета на некој од многуте локани маркети. Палермо е познат како град со најдобра улична храна во цела Италија, а, по последните награди и во цела Европа, така што вкусувањето на овие специјалитети е нешто што треба побрзо да се направи… Ноќевање.

- **19. Мај (Понеделник) ПАЛЕРМО**

  Појадок. Разглед на главниот град на Сицилија за кој може да кажеме дека е најживописен на островот. На улиците се забележуваат остатоци од бурната историја, уште од времето на Феникијците кои го основале. Во градот има повеќе од 230 цркви, од кои голем дел се постари од 1000 години. Ќе ја видиме Новата Порта, Норманската палата, катедралата – одлична готско-барокна градба пред која се наоѓа статуата на Света Розалија, заштитничката на Палермо, плоштадите Кватро Канти и дел Комуне со фонтаната на срамот, театарот Масимо, ќе се прошетаме по улицата Виктор Емануел… Ноќевање.

- **20. Мај (Вторник) ПАЛЕРМО - МОНРЕАЛЕ**

  Појадок. Препорачуваме посета на гратчето Монреале, со јавен превоз, оддалечено 7 километри од Палермо, сместено на брдото Monte Caputo. Во него се наоѓа прекрасната катедрала од 12 век, ремек дело на норманската архитектура со познатите златни мозаици на кои се претставени сцени од стариот и новиот завет. Слободно време за уживање покрај плажа. Ноќевање.

- **21. Мај (Среда) ПАЛЕРМО - КАТАНИЈА – ТИРАНА – СКОПЈЕ**

  Појадок. Трансфер до Аеродромот во Катанија. Полетување за Тирана во 10:50, слетување во 12:15 часот и трансфер до Скопје.

- **Цената вклучува:**
  - Авионски превоз на релација Тирана-Катанија-Тирана со вклучени аеродромски такси
  - Рачен багаж (1 торба/куфер со димензии 40x30x20cm до 10kg)

- Трансфер на релација Скопје-Тирана-Скопје
- Сите трансфери на Сицилија според програмата
- Сместување во Хотел Catania City Center 3* во центарот на Катанија на база 2 ноќевања со појадок
- Сместување во Хотел Caesar Palace 4* во Џардини Наксос на база 2 ноќевања со појадок
- Сместување во Хотел Palermo Quattro Canti 3* во центарот на Палермо на база 3 ноќевања со појадок
- Организирани разгледи и прошетки според програмата
- Организација на аранжманот и придружник на патувањето

- **Цената не вклучува:**

- Доплата за уште 1 торба/куфер за рачен багаж со димензии 55x40x23cm (со максимум 10kg)
- Доплата за куфер за чекирање со максимум 10kg или 20kg
- Факултативен излет Етна 50 евра
- Факултативен излет Ното и Сиракуза 60 евра
- Туристичка такса (се плаќа во хотелите на рецепција)
- Влезници во музеите и културно историските споменици
- Билети за јавен превоз
- Патничко – здравствено осигурување

- **ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ: 799 евра (49.550 денари)**